Врз основа на член 21 и член 29 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ“ бр.64/05...167/16 и „“бр.151/21 и 03/25) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на ден 29.12.2025 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## за измени на Програмата за Развојни планови на Општина Битола за периодот од 2026-2028 година

Во Програмата за Развојни планови на Општина Битола за периодот од 2026 до 2028 се вршат измени во Планираните расходи на Развојни програми по години од 2026 до 2028 година и истите гласат:

Програмата започнува со реализација во 2026година, а плановите опфатени со неа имат рок за реализрање во наредните 3 години, поточно заклучно со 2028година. Планираните средства на оваа тригодишна развојна програма со измените изнесуваат **1.845.013.734,00 денари** .(Прилог 1- составен дел на оваа програма)

Средствата во висина од **783.437.834,00 денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2026год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Средствата во висина од **827.148.285,00 денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2027год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Средствата во висина од **234.427.624,00 денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2028год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Заради извршени авансни плаќања и реализирани фази во 2025година од следните проекти, се вршат измени и дополнување во Програмата за Развојни планови на Општина Битола за периодот 2026 до 2028год. и тоа:

1. Во Буџетската програма **JD – Изградба и реконструкција на улици и локални патишта** :

- Во JDB – Изградба на коловоз на улици од ДУП за БЛР4 и дел од БЛР4 блок 2 („150-та“, „170-та“, и „210-та“)
- Во JDZ – Реконструкција на коловоз на улиците „11-ти Март“, „Козара“, „Панде Николов“ и „Чеде Филиповски“
- Во JDZ –.Реконструкција на коловоз на улица „Булевар 1-ви Мај“ јужна страна на р.Драгор од спој со ул.„Добривоје Радосављевиќ“ до спој со улица „Свети Наум“
- Во JDZ – Изградба на инфраструктура на улица СТУ3 во АРМ Четврт1
- Во JDZ – Реконструкција на коловоз на ул.„Панде Кајзерот“
- Во JDZ – Реконструкција на коловоз на локален пат за с.Магарево (од трансформатор од с.Трново до граница со НП Пелистер).

2. Во Буџетската програма **LA – Спорт и рекреациаја (капитални трошоци)** :

- Во LAR – Изградба на центар за спорт и рекреативни активности,

3. Во Буџетската програма **JI – Изградба и реконструкција на системи за одведување и прочистување на отпадни води:**

- Во JIC – Изградба на фекална канализациона линија и атмосферска канализациона мрежа на улици од ДУП за БЛР 4 и ДУП за БЛР 4 блок2 (улици „150-та“, „170-та“ и „210-та“) , Исто така во оваа буџетска програма се вршат измени и тоа:
- Во JIG – Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Караорман “ – дел од средствата планирани за реализација во 2026година се префрлаат во Програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Битола за 2026година и истата ќе се реализира со средства од Министерство за транспорт преку Програма за наменско трошење на определени средства во областа на управување со животната средина, по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски додатоци на општините за 2023 година
- JIS – Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Маркс и Енгелс“ - се брише и се префрла во Програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Битола за 2026година и истата ќе се реализира со средства од Министерство за транспорт преку Програма за наменско трошење на определени средства во областа на управување со животната средина, по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски додатоци на општините за 2023 година

4. Во Буџетската програма **JG – Изградба и реконструкција на системи за водоснабдување:**

- Во JGZ – Реконструкција на водоводна мрежа на улица „Димитар Тодоровски“ (11-та)

5. Во Буџетската програма **NA – Капитални расходи за основно образование:**

- Во NAD – Реконструкција на тоалети во ОУ„Коле Канински“, во 2027година се дообезбедуваат дополнителни 200.000,00денари заради постигната повисока вредност од планираната во постапката за јавна набавка за избор на изведувач, која постапка во текот на цела 2025година неколку пати се повторуваше поради понудени повисоки вредности од планираните.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за јавни и комунални дејности и Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола.
- Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување а ќе *се објави* во „Службен гласник на Општината Битола“ и ќе се применува до крајот на наредната годината, односно до донесување на наредната Програма за Развојни планови.

Бр 09-137/10
29.12.2025 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Бојан Бојкоски